# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 29.06.2023 ГОДИНА<br>БРОЈ 10 ГОДИНА 2023<br>КРИВОГАШТАНИ | Трезорска сметка на Буџет на општина<br>739014068163019<br>Народна банка на РМ<br>ЕДБ 4021004146176 |
|---|---|---|

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК
**за прогласување на Одлука за збратимување на Општина Кривогаштани –Република Северна Македонија и Општина Лебане-Република Србија**

1. Се прогласува Одлуката за збратимување на Општина Кривогаштани – Република Северна Македонија и Општина Лебане-Република Србија што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 29.06.2023 година.

2. Одлуката за збратимување на Општина Кривогаштани –Република Северна Македонија и Општина Лебане-Република Србија ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр. 09-688/2
29.06.2023 година
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 14 став 4 од Законот за Локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002) и член 10 од Статутот на општина Кривогаштани (’’Службен гласник на Општина Кривогаштани’’ бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на 29.06.2023 г. година донесе:

## О Д Л У К А
**за збратимување на Општина Кривогаштани –Република Северна Македонија и Општина Лебане-Република Србија**

Член 1

Со оваа Одлука се одлучува да се изврши збратимувањето на Општина Кривогаштани – Република Северна Македонија и Општина Лебане-Република Србија.

Член 2

Збратимувањето е официјален чин на меѓусебна соработка меѓу двете општини.

Меѓусебната соработка ќе се воспостави на повеќе различни нивоа помеѓу двете локални самоуправи во правец на размена на мислења, идеи, билатерални посети, контакти и размена на искуства во областа на економијата , образованието, културата, спортот, социјална заштита, туризам и други области.

Член 3

Збратимувањето ќе биде потврдено со потпишување на Договор за соработка од страна на двете општини.

Договорот за соработка во име на општина Кривогаштани ќе го потпише Градоначалникот на општина Кривогаштани.

Член 4

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани''.

Бр.08-687/3<br>29.06.2023 година<br>Кривогаштани

Претседател на Совет<br>на Општина Кривогаштани<br>Горан Новакоски

---

**СОДРЖИНА**

**на акти донесени на 30-та седница на Совет на Општина Кривогаштани одржана на ден 29.06.2023 г. и акти донесени од Градоначалникот на Општина Кривогаштани**

1.Заклучок за прогласување на Одлука за збратимување на Општина Кривогаштани –Република Северна Македонија и Општина Лебане-Република Србија...........................1

- Одлука за збратимување на Општина Кривогаштани –Република Северна Македонија и Општина Лебане-Република Србија.......................................................1

**Издава: ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ**
**Уредува:Одделение за правни, општи работи и јавни дејности**
**Тираж: 20 примероци**